***Случај 1***

Вчера се вратив од училиште. Веднаш отидов во мојата соба за да работам на компјутерот. Мојата сестра штотуку излезе. Се допишувала со својот пријател на Skype. Заборавила да се одјави. Пристигнуваа нови пораки.
Јас:

- Веднаш му кажав дека таа излезе и заборави да се одјави;
- Продолжив да комуницирам во нејзино име;
- Пред да седнам да работам на компјутер, го направив тоа што таа заборави, ја одјавив.

*Во неколку реченици образложи зошто*

***Случај 2***

Пред извесно време запознав еден пријател на Интернет. Често се допишувавме и преку оваа комуникација за него открив многу работи. Ми предложи да се запознаеме и ме покани на сладолед.
Јас:

- Им кажав на моите родители и побарав еден од нив да присуствува на средбата;
- Веднаш се сложив и без размислување ја прифатив поканата;
- Се сложив да одам на средбата заедно со мојот/мојата најдобар/а пријател/ка

*Во неколку реченици образложи зошто*

***Случај 3***

Дома имав проблеми со Интернет конекцијата, а требаше да проверам многу битна порака на мојата имеил адреса. Се јавив кај другарка ми. Таа ми рече дека веднаш излегува од дома, но ако е битна мојата порака, можам да и ја кажам лозинката и таа да провери.
Јас:

- Веднаш и ја кажав мојата лозинка, бидејќи информацијата ми беше важна;
- Одбив да ја дадам мојата лозинка, ја проверив пораката наредниот ден;
- Се јавив кај друга другарка и ја замолив да отидам кај неа дома за да ја проверам пораката.

*Во неколку реченици образложи зошто*

***Случај 4***

Подолго време на Интернет добивам заканувачки пораки, кои ме вознемируваат и прават да се чувствувам лошо. Ги добивам од една личност со која се запознав преку Hi5.
Jas:

- Продолжувам да комуницирам и возвраќам со заканувачки пораки.
- Им кажувам на моите родители и барам од нив да ми помогнат.
- Замолувам културно да престанат да ме вознемируваат и го блокирам контактот.

*Во неколку реченици образложи зошто*

***Случај 5***

Посетив една интересна страна на Интернет. Но, за да можам да ја посетувам почесто потребно е да се логирам. Го отворив прозорчето за податоци. Од мене се бараше да ги оставам моите лични податоци вклучувајќи име, презиме, матичен број, адреса на живеење.
Јас:

- Веднаш се сложив и ги дадов моите лични податоци, страната е интересна;
- Разговарав со повозрасни лица од мене и побарав совет;
- Не ги дадов моите лични податоци.

*Во неколку реченици образложи зошто*